СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делб.р. 136

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 март 1992 година

Скопје, март 1992 година

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Триесет и шестата седница на Собранието на
Република Македонија, одржана на 31 март 1992 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 21,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Според договорот што го постигнавме сега треба да ја одржиме 36-та седница.

Ја отворам Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Предлагам да работиме само по една точка од дневниот ред .

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1992 година.

Молам, кој е за предложениот дневен ред нека крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (Не). Дали
некој се воздржува? (Не).

Констатирам дека дневниот ред за Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија и усвоен.

Отворам расправа во врска со точката на дневниот ред.

Молам, кој бара збор?
Има збор госпоѓа Стојанова.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Законодавно-правната комисија, заедно со Комисијата за финансирање и буџет ја гледаа Одлуката за измената на Одлуката за времено финансирање на Република Македонија за 1992 година, која што мислам дека е поделена на пратениците.

При разгледувањето и двете комисии ја усвоија оваа Одлука со тоа што се пролонгира времето на временото финансирање од 31 март до 30 јуни и привременото финансирање, врз основа на оваа Одлука, се врши во износ од 35 милијарди динари, со тоа што Републиката, од утре, извршувањето на сите средства ќе се врши според оваа Одлука за времено финансирање, до донесувањето на Републичкиот буџет што се надевам дека на продолжението на 35-та седница што ќе биде утре, а Буџетот ќе биде на дневен ред, ќе се усвои и нема да има потреба од донесување на продолжено важење на оваа Одлука. Сепак, до тогаш Комисијата аза финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија ја прифатија Одлуката така како што е предложена од Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (не бара).

Ве молам, во членот 1 на Одлуката, на крајот, каде што стои 31 јуни, треба да стои 30 јуни затоа што јуни има 30 дена.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја усвои Одлуката за изменување на Одлуката за привремено финансираше на Република Македонија во 1992 година.

Со ова ја заклучувам Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата со работа заврши во 22,00 часот).